Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 г став 6 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 57-та седница одржана на 31.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на критериумите и ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи**

1. Во Одлуката за утврдување на критериумите и ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи на Македонска берза АД Скопје бр. 02-1112/1 од 30.06.2011 година, после точка 3 се додава нова точка 4 која гласи:
„За хартија од вредност која за прв пат се внесува за тргување и за хартија од вредност со која не е склучена ниту една трансакција во претходните шест месеци од датумите на утврдувањето на ликвидните нивоа не се врши рангирање на хартијата од вредност по групи и не се определува ликвидно ниво."

2. Во Одлуката за утврдување на критериумите и ликвидните нивоа се врши соодветна пренумерација на останатите точки.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од првото следно утврдување на ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи, согласно Одлуката за утврдување на критериумите и ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи на Македонска берза АД Скопје бр. 02-1112/1 од 30.06.2011 година.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Кирил Митровски**